ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 05/22



12.04.2022 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Интерна медицина" на Факултет за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Наставно - научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, врз основа на конкурс објавен во дневниот весник "Вечер„ на ден 21.03.2022 година, на 167-та седница одржана на ден 31.03.2022 година, донесе Одлука Бр. 02-447/1 со која се формира Рецензентска комисија за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Интерна медицина" во состав:

1. Проф. д-р Андон Чибишев, претседател;
2. Проф. д-р Љубинка Дамјановска,член.
3. Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева, член;

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Интерна медицина" на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, во предвидениот рок, уредна пријава поднесе кандидатот д-р Александар Сандевски, која во прилог ги достави потребните документи наведени во конкурот, и тоа:

- Пријава по конкурс;
- Професионална биографија – CV;
- Диплома за научен степен доктор на науки;
- Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од истите;
- Уверение за државјанство;
- Други докази за исполнетост на условите за избор во соодветно наставно-научно звање.

По разгледување на поднесената документација, за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Интерна медицина" (30225 - Фраскатиева класификација), рецензентската комисија го поднесува следниов:

# И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од областа „Интерна медицина" (30225 - Фраскатиева класификација) на Факултет за дентална медицина на Европски универзитет Скопје, објавен во дневниот весник Вечер на ден 21.03.2022 година, се пријави само кандидатот д-р Александар Сандевски.

## БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Сандевски е роден на 28.10.1971 година, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје во 1990 година. Со високо образование се стекнал на Медицински факултет во период 1990 – 1996 година. Дипломирал во 1996 година, со просечен успех 8.84.

Кандидатот активно се служи со Англиски и Норвешки јазик.

Во учебната 2003 година се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Медицински факултет. Студиите ги завршил на 2005 година, со просечен успех 10. Во 2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: "Вредности на Ц реактивнен протеин, хаптоглобин и трансферин во еволуцијата на туберкулозен плеврален излив".

Докторска дисертација пријавил 2007 година на Медицински факултет - Скопје. Дисертацијата на тема: "Белодробни промени кај пациенти со тромбоемболизам - дијагностичка и клиничка евалуација" ја одбранил на 21.12.2013 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки од научната област медицински науки.

Во 2016 година е избран во звањето насловен доцент на Европски Универзитет-Република Македонија во областа „Интерна медицина".

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на целокупната поднесена документација која е од важност за изборот.

## НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на Европски универзитет Скопје, Факултет за дентална медицина, кандидатот д-р Александар Сандевски изведува настава и наставни активности (настава, вежби, теренска настава, итн.) на прв и втор циклус петгодишни интегрирани студии.

## Научноистражувачка дејност / Стручно-уметничка дејност

Д-р Александар Сандевски има објавено вкупно шест научни трудови од областа „Интерна медицина", сите објавени во научни списанија, од кои пет трудови во научни списанија со меѓународни уредувачки одбор, од кои еден е видлив во медицинската база Pubmed. Во истиот период учествувал на две меѓународни конференции со научните трудови објавени како апстракти во книгата на апстракти од двете конференции.

Д-р Александар Сандевски учествувал како член во два научни проекти.

## Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Александар Сандевски активно е вклучен во стручно-апликативната работа. Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во Италија, Финска, Словенија, Саудиска арабија.

Особена активност кандидатот покажува во дејностите од поширок интерес.

Во изборниот период, д-р Александар Сандевски учествувал во изготвување на националната програма за туберкулоза.

Учествувал и во едукативни предавања од областа туберкулоза, наменети за матичните лекари во Република Македонија.

Кандидатот членува во повеќе професионални здруженија: ЛКМ, Македонско лекарско друштво и Европско респираторно здружение.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Александар Сандевски.

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа , Комисијата заклучи дека д-р Александар Сандевски поседува научни и стручни квалитети, и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Европски универзитет Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето насловен доцент во научната област Интерна медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултет за дентална медицина при Европски универзитет Скопје, д-р Александар Сандевски да биде избран во звањето **насловен доцент** во научната област Интерна медицина (Фраскатиева класификација 30225).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. Проф. д-р Андон Чибишев, претседател

____________________________

2. Проф. д-р Љубинка Дамјановска,член

____________________________

3. Проф. д-р Даниела Поп Ѓорчева, член

____________________________